# Граѓански практики

Граѓанското образование - карактеристики и перспективи

Проектот за граѓанско образование не ги исполни очекувањата

Број 2

МЦМС >>
10 ГОДИНИ

Македонски центар за меѓународна соработка

Библиотека: Граѓанско општество
Граѓански практики

Издавач:
Македонски центар за меѓународна соработка

Извршен директор:
Сашо Клековски

Одговорен уредник:
Гонце Јаковлеска

Лектор:
Даниел Медароски

Дизајн и подготовка:
Кома лаб. – Скопје

Печатница:
Графохартија – Скопје

Тираж: 500

Адреса на издавачот:
Македонски центар за меѓународна соработка
ул. „Никола Парапунов" бб, п. фах 55
1060 Скопје, Република Македонија

e-mail: mcms@mcms.org.mk
www.graganskisvet.org.mk

# СОДРЖИНА

содржина


7 Предговор

9 Граѓанското образование - карактеристики и перспективи
Јован Ананиев

13 Проектот за граѓанско образование не ги исполни очекувањата
Ружица Фотиновска

19 Граѓанското образование во Македонија, теорија, практика и реална состојба во Република Македонија
Елеонора Стојкова

27 Граѓанското образование во основното училиште (педагошки проблеми и дилеми)
Снежана Адамческа

39 Мрежи, искуства во Македонија
Надир Реџепи

48 Белешки за авторите

# Предговор

Почитувани читатели,
Македонскиот центар за меѓународна соработка го подготви вториот број на публикацијата Граѓански практики.
Носечката тема за овој број ја формулиравме како ,,Граѓанското образование – ја постигна ли целта?''. Со ова сакаме да презентираме различни видувања за резултатите од петгодишното спроведување на наставните планови за граѓанско образование по неговото воведување во нашиот образовен систем во 1999 година. Исто така, сакаме да отвориме расправа низ какви форми се спроведува или може да се спроведува граѓанското образование и дали тоа се случува и треба да се случува единствено преку формалното образование.
Авторите кои даваат свои размислувања на темата на различни начини биле вклучени, го следеле или имаат увид во тоа како се одвива граѓанското образование. Интересно е да се забеле'и дека видувањата се различни, од многу позитивни оценки до сериозни забелешки за начинот на кој истото се спроведува и за остварувањето на целите. Ова мо'е да биде поттик за потемелно истра'ување за успехот на овој проект во образованието и основа за поширока дебата на оваа тема која ќе ги вклучи експертите и одговорните за спроведувањето и оние на кои истото им е наменето.
Овој број на Граѓански практики отвора уште една тема ,,Мрежи, искуства во Македонија'' каде што амерата е да погледнеме наназад на досегашните искуства од меѓусебната соработка на граѓанските организации и да извлечеме поуки за иднина, особено во контекст кога соработката станува сè поважна во функционирањето на граѓанските организации и остварувањето поголемо влијание и ефективност.

Сунчица Саздовска
Раководител на одделението
за граѓанско општество

Јован Ананиев

# Граѓанското образование - карактеристики и перспективи

## Што се подразбира под граѓанско образование?

Збир на информации во форма на знаења и вештини кои се пренесуваат на (сегашните или идните) граѓани на една држава, а кои содржат политиколошка и економско-социјална материја.

## Каква е улогата на граѓанското образование во општеството?

Тоа претставува агенс за демократска политичка социјализација на граѓаните во општеството и придонес во креирањето активни партиципативни граѓани.

## Во каква форма се реализира граѓанското образование?

- како наставен предмет или како наставна содржина во склоп на образовните институции;
- неформално, од страна НВО во вид на тренинзи.

## Кои се катрактеристиките на граѓанското образование во РМ?

- застапен како предмет и како наставна содржина во склоп на други предмети;
- ретко застапен како содржина за обука на возрасни од страна на НВО;
- немање соодветен кадар;
- немање соодветни методи и техники;
- постоење учебници;
- постоење наставна програма;
- немање релевантни параметри за евалуација.

# Граѓанското образование - карактеристики и перспективи

## Демократскиот контекст на граѓанското образование

За да добие атрибут демократска, една држава мора да има демократски политички систем и демократска политичка култура меѓу граѓаните. Политичките системи во земјите во транзиција се речиси трансформирани, но за да добие демократски карактер политичката култура треба да помине подолг период. За да биде овој процес пократок и поефикасен, потребно е да се анимираат сите агенси на политичката социјализација - спонтано или поттикнувачки. Еден од таквите агенси е и образованието, а тоа најпотполно ќе го даде својот придонес во демократскиот развој доколку своите институции ги претвори во демократски вежбални - места каде се учи и практикува демократијата, меѓусебната толеранција и партиципативното учество во донесувањето одлуки. Но, успехот во создавањето демократи ќе се достигне доколку во училиштата се реализира настава по предметот граѓанско образование.

## Што е суштината на граѓанското образование?

Граѓанското образование е комплекс на знаења и вештини во областа на политичкиот систем, демократијата, човековите права, мирното разрешување на споровите, меѓународните односи и сл. Со еден збор, тоа е збир на информации кои треба да ги поседуваат граѓаните за да ги практикуваат полесно своите права, полесно да ги осознаат своите одговорности и правилно да ги сфатат политичките процеси и институции во кои се нивни дел или имаат меѓусебно влијание со нив. Така сфатено, граѓанското образование може да се изучува во форма на посебен наставен предмет (во Република Македонија тоа е случај во средните стручни училишта) или како дел од наставната содржина на посебни предмети (кај нас тоа е застапено во основните училишта и во гимназиите).

Честа е праксата во посткомунистичките земји материјата по граѓанско образование да се реализира во соработка со невладините организации каде што учениците би имале практична работа и реално би ги согледале моделите за учество на граѓаните во донесувањето на одлуките. Веќе постои иницијатива на регионално ниво (Република Македонија, Република Бугарија, Република Албанија и Република Романија) за креирање заедничка акција во градењето партнерство меѓу министерствата за образование и невладините организации. Реализацијата на оваа програма треба допрва да престои, а нејзин координатор е д-р Татјана Дронзина, професор по политички науки

на софискиот универзитет.
Постои тенденција (посебно во Хрватска и во Бугарија) граѓанското образование да се воведе како предмет и во високото образование, а ова би придонело младите кои немале можност да се запознаат со содржината на граѓанското образование, тоа да им се овозможи на факултет.
Со оваа материја ние преку образованието ги подготвуваме идните граѓани да станат демократи, но што со граѓаните кои израснале во поинаков систем со поинакви вредности и кои тешко го сфаќаат демократскиот концепт? Ова создава ситуација во транзициските земји којашто Фукујама ја нарекува демократија без демократи. За да се премости ова што побргу, свој придонес може да даде цивилниот сектор со организирање тренинзи за возрасни во областа на граѓанското образование. Со ова, сакам да упатам на поекстензивното сфаќање на клучниот поим во овој текст - граѓанското образование, а тоа подразбира негово адаптирање за различни категории луѓе и реализација како во рамките на работните организации, така и во рамките на месните заедници, здруженијата, партиите или преку медиумите.

## Граѓанското образование и Република Македонија

Граѓанското образование во Република Македонија е воведено пред неколку години во рамките на средното и основното образование во форма како што претходно е наведена. За реализацијата на наставата подготвен е учебник кој ги задоволува сите критериуми за квалитет на едно наставно помагало. Исто така, разработена е наставна програма што одговара предметот да ја постигне целта. Но сепак, ова не кажува ништо за квалитетот на наставата по граѓанско образование. Методите и техниките кои се применуваат не се соодветни за успешна реализација. Не може со класичен метод да се предава демократија која подразбира активна вклученост на учениците преку изнесување на свои ставови. Целта не е да се добијат само голи факти, туку да се добијат и вештини. Не може да се научи ученикот на почитување на туѓото мислење доколку професорот не му овозможи да си го каже своето мислење и да слушне некое друго, поразлично од неговото. Самата атмосфера во текот на наставата мора да биде строго демократска. Релацијата наставник - ученик мора постојано да се оценува за да се обезбеди минимум услов за реализација на наставата. Но вакво оценување е тешко остварливо затоа што учениците не се консултираат да даваат оценки за своите наставници. Дали е ова во духот на демократијата, што е всушност и основна категорија на овој предмет? Самата поставеност на клупите во училницата мора да биде таква за да се гледаат учениците меѓу себе и за да дискутираат. Секоја наставна единица бара посебен приод и креативност, а не монотонија. Мора повеќе да бидат застапени симулациските вежби, играњето улоги, студиите на случај и посетата на институции.

Современиот пристап во граѓанското образование не бара само табла и креда. Мора да се уредат посебни кабинети коишто би располагале со мултимедијална опрема  Но ова е скапа инвестиција и би можела да се оствари доколку училиштата ги отворат своите врати за невладините организации, затоа што само на тој начин би биле привлечни кај донаторите.

За ефикасна реализација на наставата неопходно е да има соодветно едуциран наставен кадар. Не станува збор само затоа што поголемиот број од нив имаат студирано во поинаков систем, туку и затоа што немаат соодветна стручна подготовка. Поточно, социолозите, кои се предвидени за наставен кадар, во текот на своите студии многу малку изучуваат содржини кои се опфатени во граѓанското образование. Странското искуство покажува дека кај стручен кадар за реализација на наставата се политиколозите. Навистина, во РМ тие не се многубројни, но со текот на времето ќе се добие потребниот кадар и тоа треба да биде стратешка определба на креаторите на образовната политика.

Многу е тешко да се процени колку граѓанското образование ја постигнало својата цел, бидејќи таа е многу долгорочна, а тоа е подигнувањето на демократската политичка култура меѓу граѓаните.  Неговата поконкретна цел е добивање определени информации во веќе споменатата област, но овде  ефективноста не може да се оцени бидејќи е неодамна воведено како предмет.

Значи, можеме да даваме оценка само на ефикасноста (како се реализира наставата), но не и за ефективноста (колку е постигната самата цел). За тоа ќе може да се даде оценка дури тогаш кога сегашните ученици ќе завршат и ќе се соочат со примена на наученото во пракса.

## Тенденции и препораки:

- Донесувачите на политичките одлуки во сферата на образованието треба да изградат стратегија за изучување на граѓанското образование и во високото образование;
- Градење посоодветни механизми за континуирана евалуација на граѓанското образование (креирање параметри, стандарди, лица за евалуирање и модели за транспарентност на успехот на учениците);
- Градење мрежа меѓу невладините организации и медиумите за промоција на содржините на граѓанското образование и меѓу возрасните;
- Отворање на училиштата за цивилниот сектор и обратно.

Ружица Фотиновска

# Проектот за граѓанско образование не ги исполни очекувањата

Предметот „граѓанско образование" требаше да ги научи децата уште од најрана возраст да партиципираат во општеството. Да знаат како да се организираат, да го кажат своето мислење. Да научат како да ги користат институциите на системот.

Но, мислењата околу ефектите на проектот се поделени. Оние што го инсталираа „граѓанското образование", претставниците на Министерството за образование и наука, велат дека учениците сосема солидно го владеат материјалот. Наспроти нив, наставниот кадар, но и експертите објаснуваат дека предметот не ја постигна во целост својата цел зашто не е направена потребната подготовка.

Граѓанското образование како пилот-проект во Македонија е воведено од 1999 година. Првата година биле вклучени 60 групи од предучилишна возраст во градинките, 120 паралели во прво одделение и 60 во предметната настава во 5 одделение. Наредната учебна година предметот е интегриран во образовниот систем и се изучува во дел од основното и средното образование.

Програмите за граѓанско образование се преземени од Центарот за граѓанско образование „Калабасов" од Калифорнија и се состојат од два дела: „Основи на демократија" и „Ние народот...".

Предметот од одделенската настава е интегриран во постојните предмети, додека во предметната настава се изучува на класните часови, или како посебен предмет под името „граѓанска култура".

Проектот „Граѓанско образование" е финансиран од ЦРС - Католички служби за помош, тоа е невладин организација со седиште во Балтимор. Тие ја финансираат целокупната логистика, обука на 11.340 наставници од основното образование, како и книгите и прирачниците за настава. Но никој не знае да каже колку пари се потрошени за воведување на овој проект во образовниот систем во Македонија. Невладината организација извади

и весник - информатор „Граѓанското обазование денес".
За да се има континуитет во образованието, во 5 и 6 одделение се воведе „граѓанска култура", но тоа не е финансирано од ЦРС. Тој предмет учениците сами си го обезбедуваат.
Последнава година стручните служби од Бирото за развој на образованието работат на изградба на стандардите на оценување на предметот. На тој начин ќе се дефинираат нивоата кои треба да ги постигнат учениците. Познавањето на предметот ќе влезе како составна компонента во оценката на другите предмети каде што се изучува „граѓанското образование".

## Министерството за образование е задоволно од проектот „Граѓанско образование"

Во Бирото за развој на образованието, што е составен дел од Министерството за образование и наука, кое го спроведува проектот, велат дека предметот доста добро е прифатен од учениците. Нивниот став е дека во Македонија мора да се изучува „граѓанското образование". Таков став, велат луѓето од образованието, има и Советот на Европа.
„Нашето образование се темели на демократски и граѓански принципи, а немавме посебен предмет за тоа. Сега со граѓанското образование се изврши влијание врз сите наставни програми. На тоа ни обврзува и Советот на Европа, од каде ни велат дека предметот мора да се изучува во Македонија", објаснува Слободанка Ристевска, раководител на проектот за граѓанско образование во Бирото за развој на образованието.
„Успехот во постигнувањата не се гледа само во учењето на содржината на предметот „граѓанско образование", туку и во целокупното влијание што наставниот материјал го има врз учениците. Тие учат како да ја почитуваат личноста и личните принципи, да разликуваат правда, да создаваат авторитет", вели раководителот на проектот.
Не е интенција предметот да се издвои како посебен, зашто луѓето од Министерството за образование сметаат дека е подобро тој да продолжи да се изучува вака, како дел од останатите предмети.
Бирото за развој на образованието оваа година прави преиспитување на наставните програми. Нема дилема дека предметот ќе продолжи и понатаму да се изучува во училиштата, велат раководните структури во образованието. „Граѓанскот образование" како предмет е воведено и на Педагошкиот факултет во Битола. Ристевска објаснува дека се работи и на воведување на предметот на останатите две факултета за учители: во Штип и во Скопје. За поголема подготовка на наставниот кадар, од оваа година Министерството за образование ќе организира и обука за апсолвентите кои студираат на наставните насоки. На тој начин тие ќе бидат подготвени да го предаваат предметот во осмолетките.

## Експертите оценуваат дека материјалот не е прилагоден на возраста на децата

Материјалот и термините што се изучуваат не се прилагодени на возраста на децата. Според стручњаците од образованието, децата до 5 одделение, односно до 11 години се конкретно ориентирани и учат буквално. Поимите како што се авторитет, правда, правичност, што се сервираат во граѓанското образование се апстрактни, па децата ги учат напамет, како папагали.

,,Не ми се допаѓа како е поставен во образовниот систем. Како уште еден предмет за меморирање'', вели Мирјана Најчевска, научен советник во Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања.

,,Самиот предмет не понуди нова методологија, туку нешто старо, веќе видено со постојните шеми. Со тоа стана спротивен на сопствената содржина. Децата да ги обучиме како да ги користат постојните институции во државата. Понатаму, начинот на предавање, самото оценување ја руши логиката на овој предмет'', објаснува Најчевска. Таа вели дека самиот материјал не е доволно прилагоден на нашата средина. Се употребуваат термини кои не се вообичаени за нас.

,,Децата треба да научат како самите да партиципираат во општеството. Да научат да се организираат, да го кажат своето мислење, да ги следат информациите. Но тоа не се случи со овој предмет. Туку напротив. Граѓанското образование не ја постигна целта за која беше воведено'', децидна е Најчевска.

## Децата не научија да го кажат својот став

Граѓанското образование во македонскиот образовен систем не ги исполни очекувањата. Предметот како содржина е интересен, но обидот да се вметне во наставните програми се изведе многу несмасно и нестручно. Ваков е коментарот на поголемиот дел од наставниот кадар во училиштата, кои добија задача да се вклучат во реализацијата на проектот ,,Граѓанско образование''. Забелешките се повеќе на тоа дека материјалот не е прилагоден на нашата средина, туку само преведен од постоечките странски учебници.

Наставниците велат дека учениците го доживуваат како уште еден предмет за меморирање.

Наставниците во одделенска настава кажуваат дека предметот дава можности учениците да ги научат основните концепти како што се правда, авторитет, правичност и одговорност. Предметот граѓанско образование се предава во склоп на другите предмети, каде може да се најдат допирни точки со материјалот, како на пример македонски јазик, природа и општество, но и физичко воспитување.

,,Имаме учебник, дадени се темите, но проблемот е како да се вметнат

во другите предмети. Мислам дека недостаток е што не е дефиниран како посебен предмет, зашто материјалот бара посебен простор и време'', велат наставниците од неколку основни училишта во Скопје.
,,Ми се допаѓа како предмет. Тој нуди можност кај децата да се разрешат некои проблеми врзани со одделението, училиштето, семејството. Децата умеат да дефинираат. Приказните што се во учебникот се интересни и децата сакаат да ги читаме. Но, кога треба тие да искажат свое мислење, свој став, тогаш тоа нешто потешко им оди'', објаснуваат наставниците.
Во учебникот за четврто одделение децата учат што значи поимот авторитет и низ конкретни примери тие дознаваат колкав авторитет треба да има водачот во нивното одделение. Децата понатаму учат за одговорност и како да донесат одлука кој е одговорен за нешто. Учениците исто така дознаваат како да донесат одлука за проблем врзан со приватноста, но и кои се праведните начини на донесување одлука.
Во петто и шесто одделение предметот се изучува по слободен избор, а го предаваат класните раководители на одделенскиот час.

## Учениците учат за проамериканска „Граѓанска култура"

Во седмо и осмо одделение предметот има поинакво име: граѓанска култура. Децата учат што е демократија, човекови права, но и што значат граѓанските права и одговорности. Во оптек се два учебника од две различни издавачки куќи.
Забелешката на наставниците кои го предаваат овој предмет е дека учебникот и целата програма е проамерикански ориентирани.
,,Поимот демократија се поистоветува со САД. Како модел на целокупната демократија е земен американскиот устав. Се учи целокупниот модел на американското владеење. Како да сме сите Американци. Имаме чувство дека предметот е протуркан проект од САД, без соодветна подготовка и адаптација за нашето општество'', децидни се наставниците.
Другите забелешки на наставниците се однесуваат на самата изработка на учебникот. Во него има слики и илустрации, но ниту една од нив не е обележана. Нема објаснување што се наоѓа на сликата, ниту со која цел е поставена на страната, велат наставниците кои предаваат ,,граѓанска култура''.
Во учебникот се поместени содржини, како што се мир и толеранција, светското и европското културно наследство, потоа граѓанските иницијативи, како и граѓанската лојалност.
На крајот од учебникот има речник на помалку познати зборови. Таму поимот власт е дефиниран како појава во политиката која означува право на управување, поседување клучна политика, право или економска моќ.

## Наставниците не добија подготовка

Наставниците објаснуваат дека за предавање на новиот предмет ,,граѓанско образование'' од Министерството за образование добиле минимална подготовка, само еден семинар од три дена. Семинарот бил организиран за наставниците кои предаваат во одделенска настава. Оние што предметот го предаваат од 5 до 8 одделение, не добија ништо. ,,Чувствуваме дека тоа не е доволно. Фрлени се големи пари, ама луѓето што треба да ја предаваат таа материја поминаа само со едно предавање. Целосно неподготвени влеговме во наставниот процес'', коментира наставниот кадар.

Министерството за образование за предметните наставници буквално не направи ништо. Без никаква стручна подготовка наставниот кадар кој досега предавал историја на повисоките одделенија доби обврска да предава и граѓанска култура, како задолжителен предмет, еднаш неделно.

,,Предметот зафаќа делови од историјата и затоа веројатно им е доделен на наставниците по историја. Но освен промоциите за двете книги, кои се одобрени за предметот ,,граѓанска култура'', Министерството не одржа никаков тренинг, ниту семинар за наставниот кадар. Во неколку наврати беа најавени семинари, но пропаднаа во вода. Ништо не направија'', велат наставниците, кои предаваат ,,граѓанска култура'' во осмолетките.

Елеонора Стојкова

# Граѓанското образование во Македонија, теорија, практика и реална состојба во Република Македонија

Граѓанското образование треба да биде сфатено како парадигма за подучување на улогата и обврските на индивидуата, заради нејзино полесно интегрирање во општеството, како и подучување на индивидуата заради разбирање на функциите на општествените институции

Македонската концепција за граѓанското образование треба да биде конкретно историски заснована и секогаш треба да поаѓа од македонското општествено милје и од достигнувањата на современите општествени образовни парадигми, како и својата визија да ја црпи од достигнувањата на најразвиените граѓански општества во западната цивилизација.
Извори за развој на македонската концепција на граѓанското општество мора да се наоѓаат во уставно-правните норми коишто ги одредуваат обемот на граѓанските права и слободи, а преку тоа и обемот на граѓанското образование. Вториот извор се институциите како механизми за канализирање на активностите за остварување на уставно-правните норми ги одредуваат начините и средствата за остварување на целите и задачите на граѓанското образование. И третиот елемент е начинот и рамката во којашто зададените уставно-правни норми и институции со посредство на граѓанските субјекти се преточуваат во процеси на секојдневна репородукција на општеството. Овие процеси и субјектите ангажирани во нив ги одредуваат содржинските основи на граѓанското образование. Од сите три аналитички издвоени нивоа на репродукција на граѓанството во Македонија, уставниот поредок се чини е „најграѓански". Според Уставот, Република Македонија е суверена, самостојна, демократска и социјална држава. Суверентитетот произлегува и им припаѓа на граѓаните. Вака определено, македонското граѓанско општество

ги дава основите за фундаменталните вредности и принципи на граѓанската политичка филозофија. А, тоа се човековите права и слободи, права и слободи на граѓанинот, слободно изразување на националната припадност, владеењето на правото, социјалната правда и солидарност, слободата на пазарот и претприемништвото, хуманизмот, заштитата на човековата околина и почитување на општоприфатените норми од меѓународното право.

Македонската концепција треба да го постави граѓанското образование како елементарно образовно јадро на наставните програми. Во услови на транзиција на севкупен општествен, економски, политички и културен план граѓанското образование треба да го стави акцентот на обучување и оспособување на младите луѓе за стекнување знаења, вештини и искуства за еден нов тип општество.

Граѓанското образование треба на некој начин да биде сфатено како образовна парадигма за подучување за местото и улогата на индивидуата во општеството, смислата на интегрирање на истата во самото тоа општество и за функциите на пооделни општествени институции.

Зошто ни треба граѓанско образование? Одговорот е доста комплексен. Општествените сеопшти услови на секое поле во Република Македонија посочуваат на расчекор помеѓу личните (индивидуалните) и општите интереси (интереси за општото добро). Сведоци сме на индивидуалните и масовните барања и протести во кои граѓаните бараат решавање или задоволување на некои нивни граѓански права. Од друга страна, во дрги ситуации (а тие се побројни) се чини Македонија сè повеќе е земја на пасивни граѓани поданици кои во секоја ситуација очекуваат „власта" да биде таа која ќе им ги реши проблемите и ќе им ги задоволи барањата. Дали постои развиена граѓанска свест? Дали постои граѓанско општество, одговорно граѓанство? За сите прашања од јавниот интерес се произнесуваат политичките субјекти. Индивидуални обиди има малку. Не треба да се занемари улогата на невладините организации и фактот што Маекедонија има еден од најдемократските устави не само на Балканот туку и пошироко.

Граѓанското образование на граѓаните им дава можност и шанса полесно да се интегрираат во сопственото општество, побезболно да се прилагодат на постојаните промени на новото глобално доба, а со тоа да бидат не само граѓани на сопствената држава, туку и граѓани и припадници на меѓународната заедница.

Задачите на образованието за граѓанското општество се стекнување знаења, прифаќање на вредностите на демократијата и учење на практичните вештини. Овој посебен предмет главно се учи во средните училишта со 1-4 часа неделно. Имињата се доста различни и варираат од граѓанско образование, општествени студии, политичко образование, образование за човекови права, знаење за општеството, образование за мир, граѓанска

култура. Всушност најважна цел на образованието за граѓанското општество е практично увежбување на одговорното граѓанство. Образувањето за граѓанското општество претставува еден вид апликација на социологијата (и на посебните социологии) во општетвената практика, со акцент на општеството во кое живееме, поточно можеме да го сместиме во предметот на проучување на социологијата на македонското општество.

Граѓанското општество треба да ја преземе обврската и одговорноста за иднината на нашите ученици. Граѓанското образование треба да кажува не само она што ние треба да научиме, туку и што ние сметаме дека треба да го кажува Уставот.

Има многу извори на граѓанско образование. Семејството, религијата, општествените групи, владата, претпријатието, работата и средствата за комуникација ги оформуваат граѓанските ставови, го пренесуваат граѓанското знаење и во поголем или помал размер ги поттикнуваат граѓанските вредности.

Крајната цел на овој вид образование е на учениците кои го поседуваат потребното учество да им овозможи сами да се ангажираат за граѓанските вредности што им се чинат неопходни за негување и зајакнување на идеалите на демократијата.

Целта на граѓанското образование е меродавно и одговорно учество во локалниот, државниот и националниот граѓански и политички живот. Таквото учество бара: 1. стекнување квантум на знаења и разбирање; 2. развој на интелектуални и партиципативни вештини; 3. развој на одредени диспозиции или карактерни црти; и, 4. разумна посветеност на фундаменталните вредности и принципи на уставната демократија.

## Негирање на граѓанското образование

Невнимателноста кон граѓанското образование делумно произлегува од погрешната претпоставка дека квантумот на знаења и вештини, што им се неопходни на граѓаните се појавуваат како придружни резултати од изучувањето на другите предмети или како производ на самиот процес на образование.

Успешните програми по граѓанско образование ги поттикнуваат учениците да учествуваат во граѓанскиот живот на нивното училиште, локалната заедница, државата и општеството. Ги потикнуваат училиштата да соработуваат со граѓанските организации и да поканувaат истакнати членови од заедницата во класовите да зборуваат за одредени прашања поврзани со општествениот, како и нивниот секојдневен живот, давајќи им идеи како да ги разрешат своите тековни проблеми, како и да учествуваат во одлучувањето за потесната и пошироката заедница.

Специфично е дека образованието за граѓанството е во надлежност на

сите наставници; најголем придонес даваат наставниците по историја, општествени науки, политички науки, економија и социологија.
Секоја земја има свој сопствен пат за интегрирање на граѓанството во официјалните програми.
Во земјите во транзиција, земајќи ги политичките, економските и општествените промени, потребата за образование за граѓанство е посебно важна. Ценејќи ги училишните програми, земјите во транзиција (тука ја вбројувам и Македонија) треба да преземат обврска да обезбедат образование за граѓанството како посебен предмет вклучен во неделниот распоред на образовните институци.
Задачата на граѓанското образование мора да ја преземат сите наставници и поопшто севкупниот кадар заедно со одговорноста на учениците. Мораме да го дефинираме граѓанското образование во врска со дисциплините базирани на научно знаење: не смееме да го редуцираме граѓанското образование на т.н. научно знаење, туку тоа треба да е базирано и да е засновано на здравиот разум, да се обидеме да се организира наставата за да постои склад меѓу способностите што ги предаваат наставниците, а ги развиваат учениците. Заради подготовка на младите луѓе за живот во општеството и критички и активен однос кон истиот во насока на операционализација на оваа цел, во наставните планови и програми се вградени соодветни предмети и содржини. Во четврто одделение предметот „општество", во седмо и осмо одделение предметот „историја и граѓанско општество", а во средните училишта и во стручните училишта „граѓанско образование", односно „социологија" во гимназиите и уметничките училишта.
Значи граѓанско образование во Република Македонија треба да постои и истото постојано да се збогатува со нови содржини и практични искуства, бидејќи ова образование најдиректно е поврзано со демократијата и нејзиното практикување.
Комплексноста на граѓанската репродукција на современото општество нужно наметнува мноштво теми. Но, нивниот избор, обем и начин на обработка во системот на формалното образование зависи од местото на образованието за граѓанско општество во наставните планови, од една страна, и од социологијата на граѓанството, т.е. македонското општество, од друга страна. Во овие рамки како основни критериуми во селекцијата на граѓанско-образовните теми се користат нормативните одредби на граѓанството и граѓанското општество од една страна и феноменологијата на граѓанството и граѓанското општество во Македонија од друга страна. Во согласност со овие критериуми во продолжение се назначуваат општите теми на образованието за граѓанско општество. Нивната конкретизација во посебните наставни програми ќе зависи од возраста на учениците и од барањата на конкретните наставни планови.

## Граѓанско-образовните цели и содржини треба да произлегуваат од социологијата како наука

Граѓанското образование почна да се спроведува во Република Македонија пред четири години.

Тоа се спроведува во рамките на наставата за основно образование. И тоа, во седмо одделение еднаш неделно, а од оваа година и во осмо одделение со посебни учебници и како посебен задолжителен предмет кој влегува во крајниот успех на оценките, додека во петто и шесто одделение граѓанското образование се реализира на класниот час. Овој предмет е обврска на класниот наставник. За таа цел тој има прирачник кој му помага да ги подучува учениците активно да се вклучат во животот на граѓанското општество.

Ова запознавање со граѓанското општество не подразбира строг модел на настава. Прирачникот не дава готови решенија за одреден проблем, туку води кон откривање на проблемите, нивно заокружување, како и поттикнување на нови прашања за да се дејствува конкретно. Прирачникот е структуриран така што во себе содржи голем број истражувања во кои се вклучени активни методи.

Вака, реализирањето на граѓанското образование кое потем кажано се наметнува како неопходна потреба на современиот образовен процес им помага на учениците да станат активни, слободни и одговорни граѓани. Преку големиот број активности тие се стекнуваат со навики коишто се ценат во граѓанското општество и со тоа ја осознаваат неговата организација. Таа кај нив раѓа чувство на толеранција, свесност за сопствените права и обврски, како и свест за правата и обврските на другите и негување на својата посебност, идентитет и интегритет и овозможување и другите да го прават тоа.

Прирачникот за петто одделение и за шесто има два дела: „Моето училиште" - содржини за тоа како функционира училиштето, и „Мојата општина" - содржини за функционирање на граѓаните во неа. Содржините се претставени на следниов начин: делот на откривање каде преку игра на информации, илустрации и прашања паралелката се потикнува на дебата за одделна тема, дел на илустрации каде преку слики се привлекува вниманието на учениците, и дел на активности каде со игра, со анализа на сликите и текстовите и со проучување на ситуациите се комплетира истражувањето. Ова е програма за првото полугодие. Во второто полугодие се продолжува со реализација на програмата: „Јас граѓанин - ние народот", кој вклучува реализација на проектот преку кој учениците подиректно ќе се воведат во проблемите на своето непосредно опкружување. Ако има услови, резултатите од овие две програми се претставуваат на завршен натпревар на ниво

на училиштето или на пошироко ниво.
Во прирачникот има дел и за родителите. Така е запазен односот семејство (родители) - училиште (наставници) и самите ученици. Значи родителите се активно вклучени да придонесуваат со своите занења и искуства во остварувањето на граѓанското образование во наставата на своите деца. На овој начин придонесуваат нивните деца активно да ги стекнуваат знаењата и да ги развиваат способностите кои ќе повлијаат кај учениците да се формираат во позитивни личности со позитивни ставови и однесување за соработка, толеранција, компромис, свест за своите права и обврски, како и за правата и обврските на другите, да ја негуваат самодовербата, самопочитта, својата посебност и посебноста на другите. Значи да станат добри граѓани на ова општество (македонското општество) и со тоа најпозитивно да придонесуваат за неговото правилно функционирање, за продлабочување на демократијата и почитување на човековите права. Прирачникот за второ одделение ги содржи поимите (наставни содржини) за авторитет, одговорност, приватност и правда. Тие на прво на и второодделенчињата им се изнесуваат во форма на приказни, потоа разговор за приказна, поими кои ги учат од неа и задача за решавање проблеми преку прашања поврзани со тој проблем. Со овие четири поими децата се учат на основите на демократијата. Програмата (Ние народот - проект граѓани) се одвива во шест чекори: идентификација на проблемот, избирање проблем, собирање информации. Изработката на портфолио (опис на проблемот, содржи потадоци и примери за невоедначено користење на научната терминологија што предизвикува збунетост и дилема кај сите корисници, почнувајќи од учениците, студентите, наставниците. Вториот дел, алтернативните политики, содржи анализа за тоа што е досега преземено на овој план и од кого, како и кој е најстручен за разрешување на овој проблем. Третиот дел - избрана политика (политика на паралеката) го образложува најсоодветниот начин за решавање на проблемот, а тоа е неговата актуелизација што подразбира организирање трибини (консултации, конференции, дебати на кои ќе се разгледува примената на научната и стручната терминологија). Четвртиот дел - акциски план ги содржи динамиката на активностите и формирањето соодветни тимови со стриктно определени обврски и задачи кои ќе работат на разрешување на проблемот. Петтиот чекор - презентација на портфолио-активностите и шестиот чекор осврт на наученото.
Интерактивните техники на учење што се застапени во програмите на основите на демократијата и ''Ние народот - проект граѓанин'' можат да најдат примена во најразлични животни и работни ситуации, бидејќи се засновани на решавање на проблемските ситуации, кооперативноста, почитување на туѓото мислење.
Мислењата од проектот граѓанско образование се дека тоа е пат кон

граѓанското општество во училиштето. Учениците велат дека книгата ,,Граѓанско образование'' е прекрасна и дека ќе им послужи во понатамошниот живот да станат успешни граѓани. Родителите велат дека преку активно учење нивните деца донесуваат правила на однесување во училиштето и истите ги почитуваат. Тоа е можност децата на близок, едноставен и практичен начин да започнат со изучување на основите на демократијата. Од овие искуства можат да научат и самите родители, пред сѝ за почитта кон своите деца.

Со реализацијата на граѓанското образование во праксата се овозможува: програмата ,,основи на демократијата'' да се реализира низ сите воспитно-образовни подрачја, со примена на интерактивни форми и методи на работа и тимска работа; користење игри, дискусии во групи, вежби за играње улоги, раскажување приказни, цртање и пишување; позитивно поттикнување на учениците; да учествуваат во решавањето на проблемите што самите ги идентификуваат меѓу себе, да комуницираат, да разговараат, да разменуваат идеи, да користат извори за собирање информации, да средуваат документација и да изработуваат портфолио; заедничка работа на повеќе наставници и ученици на сите субјекти вклучени во реализацијата на проектот; успешно усно излагање и бранење на своите мислења/ставови.

Во моментот граѓанското образование (,,граѓанската култура'', некаде се среќава со тоа име) го предаваат наставници со завршен Филозофски факултет - група историја, група филозофија или група социлогија. Од идната година се планира овој предмет да се вклопи во рамките на предметот историја. Ова е сосема погрешно бидејќи социологијата е стожер на образованието за граѓанско општество и тоа треба да го имаат предвид одговорните коишто учествуваат во правењето на наставните програми и планови за граѓанското образование и неговата имплементација во практиката.

Впрочем, самите граѓанско-образовни цели и содржини се вградени во самата социологија како наука.

Проф. д-р Снежана Адамческа

# Граѓанското образование во основното училиште (педагошки проблеми и дилеми)

## Вовед

По осамостојувањето на Република Македонија и појавата на комплексните промени на транзицијата, се актуелизира граѓанскиот концепт на образованието кој непосредно кореспондира со тенденциите за негово осовременување и ослободување од дотогашните идеолошки предзнаци. Иницијативите за воведување еден нов концепт за размислување на поединецот како дел од општествената заедница претставува етаблирање на нова филозофија во целокупниот воспитно-образовен систем кој во тој момент како да се најде на крстосница во својот развој.

Бројни се факторите кои суштествено влијаеја врз градењето на новиот граѓански концепт: пазарната економија, политичкиот плурализам, напуштањето на единствената филозофска основа на воспитанието и сè позачестената свртеност кон европските развиени системи кои овој концепт го практицираа и го третираа како сопствена цивилизациска придобивка.

На тој план сè уште се присутни дилемите околу определувањето на идентитетот на воспитно-образовниот систем во Република Македонија - дали да се тргне со градењето на сопствен автентичен систем којшто ќе ги почитува докрај сопствените традиции, или ќе ги користи искуствата од развиените воспитно-образовни системи во Европа и светот.

Досегашниот еднодецениски развој и искуствата покажаа дека и првиот и вториот пристап не можат да го решат проблемот брзо и едноставно. Бројните проектни процеси во основното и средното образование кај нас, иницирани од домашните потреби, а поддржани од меѓународни фактори, покажаа дека т.н. внатрешни реформи на системот суштествено не ја менуваат неговата физиономија, бидејќи главно беа насочени кон дидактичко-методичка трансформација и преобразба на најосетливиот сегмент од училишната дејност

- наставата. Менувањето на стилот на работа на наставникот, засилен со осмислена технолошка поддршка и обука којашто промовира партнерство и проактивност на ученикот и наставникот претставува значаен исчекор напред во ефектуирањето на наставниот процес.

Во тој контекст, сè повеќе се истакнува потребата од сеопфатно гледање на образованието чиј квалитет започна да се мери и вреднува врз основа на јасно утврдени параметри: курикуларен пристап во физиономирањето на наставните програми по сите предмети, иновиран редизајн на учебниците, клима на поддршка на ученикот во текот на наставните и процесите кои се учат, динамичен и високофреквентен „фит-бек" во учењето, вреднување на т.н. скриен курикулум во одделението/класот и континуирана професионална поддршка и обука на наставниците.

Со ваквите концепциски решенија и интервенции во системот сè повеќе бледнеат критиките за стереотипите на нашата наставна практика, а истовремено полека стивнуваат гласноговорниците за нагласен академизам, фактографија во знаењата на ученикот, интелектуализам, отсуство на апликативност и можност за примена на стекнатите знаења, дискутабилен субјективитет на ученикот во наставата и училишниот живот, робување на дидактичко-методичкиот ларпурлартизам на наставникот и нездравата клима на борба за оценки, а не за знаења.

Воспитно-образовниот систем во Република Македонија во последниве десетина години објективно покажа голема флексибилност во однос на промените и потребите од промени, првенствено преку внесување квалитативно нови димензии во изведбено-процесните аспекти на наставата и преку постепеното градење модел за професионално педагошко усовршување на наставничкиот кадар.

Колкави се придобивките од овие инвестиции во образованието во овој миг тешко може да се каже, пред сè заради недоволната и неконзистентна стратешка концепција за континуирано вреднување на резултатите. Присутните колебања на тој план само ја потврдуваат тезата дека во нашиот воспитно-образовен систем во изминатата деценија помалку беа застапени радикални зафати, а многу повеќе доминираа промени со компромиси.

Воведувањето на граѓанското образование во основното и средното образование претставува сериозна стратешка определба во која секаков вид компромиси беа премавнати преку тенденцијата барем еден програмски и оперативен сегмент да се имплементира целосно и со однапред утврдена методологија. Останува отворено прашањето дали и колку понудениот концепт на граѓанско образование/култура во нашиот систем има автентичен карактер, дали се гради врз основа на постојната филозофија и традиции во нашето образование, или да се имплементира врз туѓи искуства и потреби. Актуелно е и прашањето дали неговата имплементација не го наруши

постоечкиот баланс и сознајната таксономија и методологија на дизајн на наставните програми во основното и во средното образование.
Нашите досегашни искуства говорат дека и релативно успешни зафати во воспитно-образовниот систем често завршуваат како добро сеќавање, бидејќ и отсуствуваат механизми за следење и вреднување на постигнувањата во рамките на секоја иницирана промена. Оттаму и се добива впечаток дека сите иновативни зафати или промени или имаат парцијален карактер, или се одвиваат во текот на релативно кус временски период или се реализираат мошне успешно, но со завршница којашто нема компарации со други искуства бидејќи никој не почувствувал потреба да ги вреднува ефектите.

Во такви услови тешко може да се говори за осмислена стратегија за имплементација на промените кои како по навика имаат бучен почеток и тивок крај без измерен ефект. Во јавноста ваквите потези често се идентификуваат како логика на обиди и грешки, како експериментирање или како напори за кои воспитно-образовниот систем не е доволно дораснат.

## Позадина

По осамостојувањето на Република Македонија се појавија низа иницијативи за менување на концепциските основи на образованието, не само од аспект на деидеологизацијата на дејноста, туку и од аспект на етаблирање нови насоки за развој и приближување кон развиените образовни системи.
Голем исчекор на тој план беше направен со несомнено едногласниот став дека еден од параметрите на осовременување и светско стандардизирање на нашето образование е воведувањето на граѓанскиот концепт. Првичните напори беа проследени со низа дилеми и спротивставени мислења околу низа суштински прашања: дефинирање на бројните аспекти на граѓанскиот концепт, изработка на конзистентна терминологија, избор на содржини, дидактичка локација и физиономија на еден стожерен предмет или повеќе наставни предмети, обезбедување механизми за континуитет на граѓанското образование низ сите степени на образование итн.
Можност за презентација на различните идеи на експертскиот тим иницијаторите и претставниците на пошироката педагошка и стручна јавност имаа на тркалезната маса на тема: Местото, целите и методиката на граѓанското образование во Македонија, одржана на 13.11.1997 година на Филозофскиот факултет во Скопје. Тркалезната маса се одржа во рамките на проектот Образование за граѓанско општество на Институтот за социологија при Филозофскиот факултет. Овој проект е финансиран од Центарот за граѓанско образование од Калабасас, Калифорнија, САД.
Сите понатамошни активности во рамките на проектот се одвиваа во насока

на развивање на идејата и практиката на моделот на граѓанско образование во Република Македонија.
Наставните програми и учебниците кои во оваа експертиза ги користиме како извори за елаборација на основните педагошки параметри претставуваат проектни документи/продукти од сите напори на тимот кој со голем ентузијазам успеал да создаде пилот-рамка за имплементација на граѓанскиот концепт како социолошка и педагошка парадигма на основното и средното образование во Р. Македонија.

## Потреба од педагошка анализа

Основната ориентација на воведувањето на граѓанското образование во основните и средните училишта во Република Македонија се базира на потребата од себесознавање на ученикот како единка и како субјект на општествената заедница која тој започнува да ја забележува од најраното свое детство. Градењето на јас-концепт, во сопствената свест и во свеста на другите, развива нови патишта за откривање на сопствената личност на која во различни ситуации и се даваат различни предзнаци: ќерка, син, внук(а), ученичка, ученик, потрошувач, купувач, граѓанин и сл.
Овие вредности и ефекти од образовниот процес досега тешко можеа да се препознаат. Во услови на авторитарен стил на работа во наставниот процес, јас-концептот потешко доаѓа до израз и сите обиди за воспоставување демократски стил на работа ученикот го ставаат во позиција да ги следи процесите, а не да учествува во нив. Преминот од улогата на статист кон улогата на актер во наставата не е ниту социолошки, ниту психолошки. Станува збор за педагошки проблем кој треба, мора и може да бара и да најде нови филозофски основи на својата мисија во општеството и во животот на секој поединец.
Негувањето на колективизмот кој замижува пред специфичностите и посебностите на поединецот не создава услови тој да ја анализира и осознае сопствената личност и да ги негува личните вредности, како иницијативност, проактивност и свест за сопствените можности и потреби.
Во таа смисла, во педагошка смисла граѓанскиот концепт на образованието не претставува само проектна интервенција, акција која анимира само дел или неколку сегменти од образовниот процес. Концепцискиот карактер на граѓанското образование ги поттикнува речиси сите компоненти на системот, почнувајќи од менување и трансформација на улогата на наставникот и сите аспекти на неговото иницијално образование и професионално усовршување, преку редизајн на курикулумот и иновирање на учебниците, до етаблирање нови модели и стратегии на евалуација на ефектите од воведувањето на овој концепт.

Од посебно значење се и микромеодичките димензии на наставниот и процесот на учење кој е насочен кон стекнување знаења и развој на умеења и вештини кои се препознатливи во свеста и однесувањето на ученикот. Овие аспекти и очекувања имаат пред сè педагошки карактер и нивната присутност или отсутност во новиот концепт треба да се воочат, одмерат и споредат со досегашниот стил на работа.
Иманентно својство на секој нововостановен концепт е утврдувањето на неговото влијание врз веќе поставените аспекти на дејствување, што значи, идентификација на параметрите врз чија основа новиот концепт внесува трансформативни елементи во физиономијата на наставните планови, концепциските решенија во содржинска и процесна смисла, можностите за развој на кроскурикуларни приоди во реализацијата на целите на концептот, менување на статусот на субјектите во наставата и сл. Затоа и говориме дека граѓанското образование во основното и средното образование не е само проектна иновација, туку концепт со сеопфатна структура и внатрешна динамика која зачнува, но и решава низа проблеми и ефектуира резултати од крупно значење за системот.
Имајќи ги предвид овие согледувања и состојби неопходно се наметнува потребата од утврдување на педагошкиот идентитет на граѓанското образование/култура во основното кај нас. Како програмски и оперативно-изведбен зафат граѓанското образование се наметна како изграден систем од идеи и практика кој заживеа во првите степени од системот на образование. Педагошката анализа нема тенденција да ги анализира сите сегменти на граѓанското образование, бидејќи тоа би претставувало комплексна методолошка постапка која е условена од подолгорочно следење и на наставната практика.
Предмет на анализа на граѓанското образование е утврдувањето на педагошките параметри на реализацијата на граѓанското образование/култура во основните во Република Македонија од аспект на наставните програми и учебниците.
Клучни поими на анализата се: наставни програми, учебници, основно образование.
Оперативни поими се: методичко-дидактичка рамка, физиономија и дизајн, концепциски решенија, ликовна поддршка, дидактичка апаратура, дефинирање поими, поставување содржини, иницирање активности, иницирање проактивност на субјектите во наставниот процес, графичко-илустративни решенија, дефинирање на цели во наставните програми, програмска конзистентност, методи и техники на вреднување.

## Одделенска настава

Граѓанското образование/култура во основното училиште се имплементира како комплексна програма во чија физиономија егзистираат релативно независни и самостојни програмски компоненти со различен педагошки третман и статус. Во обидите веќе добиените програмски содржини да се вметнат во постојните програми, дизајнерите на граѓанското образование објективно се нашле пред сериозна дилема што ја разрешиле со понуда на различни модели. Дилемите се однесуваат на следните прашања:

- На кој начин содржините од граѓанско образование да се имплементираат во постојните програмски содржини, без да се менува нивната физиономија, дизајн и структура?
- Во кои постојни програмски подрачја можат да се реализираат целите на граѓанското образование?
- Кои модели на примена да се имплементираат за да не се наруши постојната конзистентна структура на наставните планови и програми во основното образование?

Во однос на првата дилема, очигледно се наишло на сериозни проблеми, бидејќи содржините од граѓанско образование се структуирани како заокружена целина, со дефиниран концепт кој не трпи дисперзија и којшто го негира кроскурикуларниот пристап на реализација. Поради потребата од сознајна конзистенција во одделенската настава, граѓанското образование егзистира како паралелен програмски корпус којшто наоѓа одредена програмска подлога во општественото програмско подрачје. Врските со тоа подрачје се тешко препознатливи, бидејќи отсуствува основниот документ за имплементација на граѓанското образование, а тоа е редефинирана програма во која можат да се идентификуваат и целите на граѓанското образование. Методологијата на имплементација на граѓанското образование ја исклучува интервенцијата во постојните наставни програми и вештачки ги надоврзува неговите содржини кои во практиката можат да имаат споредно значење и третман. Тоа особено се однесува на одделенската настава, каде содржините од граѓанско образование се реализираат врз основа на учебници, а не врз основа на сеопфатна анализа на постојните програми во кои граѓанското образование може да го најде сопственото место.

Врз основа на тоа може да се заклучи дека педагошкиот и дидактичкиот статус на граѓанското образование во одделенската настава на основното училиште е можне проблематичен. Една од причините за тоа е и засега недоволните професионални компетенции на наставниците за поголема аналитика кон програмите и целното програмирање на наставниот процес.

Евидентно е дека отсуството на сеопфатен приод во иницијалната имплементација и осмисла на граѓанското образование неговите содржини ги претвора во програмски департман којшто во практиката може да има

секундарно значење. Дизајнерите на граѓанското образование овој факт морале да го имаат предвид.

Второ, моделот на вештачка интеграција на граѓанското образование во одделенската настава води кон поврзување на содржините од општественото програмско подрачје кое има сопствена структура и логика и што е најбитно има сопствена програмска подлога. Останува отворено прашањето дали и колку концептот на граѓанското образование може да функционира ако почетниот модел за имплементација е припојување, а не интегрирање во рамките на една единствена програмска рамка.

Треба да се забележи дека носечки критериум за интеграција не се содржините, туку целите. Секаков поинаков приод води кон програмска дихотомија и нееднаков третман на компонентите на програмата. Останува прашањето: зошто во процесот на имплементација на граѓанското образование не е вклучена и етапата на редизајн на програмите од општественото програмско подрачје за одделенска настава? На тој начин ќе се овозможи содржините од граѓанско образование истовремено да претставуваат освежување и на пристапите на работа со учениците во рамките на сите, а особено во рамките на општественото програмско подрачје.

Трето, препознатливи се најмалку три различни модели на имплементација на содржините по Граѓанско образование во основното образование: припојување содржини во рамките на програмите од општественото програмско подрачје во одделенската настава; реализација на целите на граѓанското образование/култура како содржина на работа на одделенскиот час (петто и шесто одделение); реализација на целите на граѓанска култура како посебен наставен предмет (седмо и осмо одделение).

Ова разнообразие на модели говори за различниот третман на целите и содржините по граѓанско образование којшто води кон програмското департманство и секундарниот третман. Убедени сме дека концептот на граѓанското образование не претендира да има третман на дидактички експеримент. Потребата од негово имплементирање во основното образование е несомнена, но таа имплементација морала да следува по добро осмислена стратегија во која програмското втемелување мора да има приоритетно значење. Со ваквите решенија направен е преседан кој се темели на содржинско припојување, а не и на целно интегрирање.

Се наметнува уште едно прашање коешто објективно отвора нова дилема: дали е потребно едно подрачје чии содржини се вметнуваат во постојните наставни програми на основното уилиште да се покрива со цела серија учебници. Во педагошка смисла таа состојба води кон одговорот дека учебниците ги заменуваат програмите, а тоа претставува сериозен превид и неприфатлива практика којашто не може да се оправда ниту со актуелноста на содржините, ниту со атрактивноста на граѓанското образование. Според

таа логика, на пример, во иднина во одделенската настава на основното училиште може да се практикува изработка на серија учебници по картографска писменост, по сообраќајна култура, основи на информатичко образование, еко-култура, по економско образование и сл. Мисијата на граѓанското образование мора да се насочи кон афирмација на нови принципи во изработката на наставните програми. Само на тој начин неговите цели можат да имаат рамноправен третман во наставната реализација. Неразбирлив е отпорот кон редизајн на програмите за одделенска настава во кои и целите и содржините од граѓанско образование можеле мошне лесно и безболно да претставуваат интегрален дел и компонента на програмска конзистентност.

## Предметна настава

Во овој потсистем на основното образование граѓанското образование е програмирано во вид на два модела: содржини наменети за реализација на одделенскиот час за петто и шесто одделение и наставен предмет граѓанска култура за седмо и осмо одделение. Наставни програми се изработени само за посебниот предмет граѓанска култура. Отсуството на наставни програми или друг вид програмска основа за граѓанското образование/култура во петто и шесто одделение се должи на непостоењето дидактичко-методички претходник на истите - програми за одделенска настава. Со ваквиот потег очигледно е дека недоследноста раѓа непринципиелност врз која не може да се гради конзистентен систем од знаења и вештини кои се очекуваат од учениците.
Овие глобални концепциски решенија на граѓанското образование/култура во основното училиште треба сериозно да се преиспитаат и како прашање на континуитет и како методолошки пристап во имплементирањето цели и содржини кои се релативно нови. Различниот третман на граѓанското образование во програмска смисла ја нарушува природната рамнотежа на мерните карактеристики на програмските документи врз основа на кои се одвиваат процесите на наставната реализација. Со ваквиот приод отсуствува секаков вид принципиелност во методологијата и стратегијата на изработка на програмите кои во крајна линија нудат содржини без конзистентно дефинирани цели кои не можат да се препознаат во постојните програми.
Се добива впечаток дека основата на концепциските решенија на граѓанското образование во основното училиште се темели на два непринципиелни природа: прво, постојните програми еднаш служат како основа за припојување на новите содржини (одделенска настава), и второ, постојните програми се игнорираат и е востановен нов наставен предмет којшто ја следи сопствената логика и структура, а ги занемарува целите и содржините кои можат и треба да претставуваат сознајна основа за усвојување на граѓанското

образование. Ова прашање треба сериозно да се преиспита, особено во дизајнирањето нов концепт на наставни програми за основното образование во кој не смее да има простор за припојување содржини, туку треба да се следи стандардната процедура и методологија за изработка на концепт.

Не би сакале овие наши забелешки да бидат сфатени како преиспитување на концептот на граѓанското образование. Напротив, тоа претставува современа тенденција којашто се гради и збогатува со нови содржини во сите развиени воспитно-образовни системи. Во прашање е методологијата на имплементација којашто требала да биде со одмерени чекори и поголема поткрепа на нашата општествана стварност, како во однос на изборот на содржините наменети за одделенска настава, така и во однос на нивното функционално интегрирање со содржините од постоечките наставни програми.

Концепциските решенија во граѓанското образование за предметна настава има повисок степен на автентичност, особено во петто и шесто одделение каде основен програмски проблем е училиштето и училишниот живот и организација и локалната заедница како општествен амбиент на живот и работа на учениците. Содржините за овие две одделенија за учениците се блиски, проблемите потекнуваат од нивното секојдневно живеење и даваат можност ученикот да ги запознава од нивната суштинска страна.

Промоцијата на граѓанското образование во наставен предмет во седмо одделение наметнува низа проблеми кои се условени од дидактичко-сознајната таксономија на овој предмет во системот на другите наставни предмети. Наставните содржини по граѓанско образование во овие две одделенија изобилуваат со категории чија апстрактност произлегува и од користењето на мошне строга терминологија. Нејзиното усвојување бара сериозна сознајна подлога во друг наставен предмет или менување на концептот и статусот на предметот.

Програмските проблеми од граѓанско образование/култура несомнено и недвосмислено произлегуваат од секојдневниот живот на учениците, но се поставува прашањето колку тие умеат да ја согледаат комплексноста и сложеноста, меѓузависноста и условеноста меѓу тие категории кои бараат поголем и поширок сознаен хоризонт. Сметаме дека програмските содржини од граѓанско образование/култура за овие две одделенија ја наложува потребата од реализација на целите од други наставни предмети кои, пред сè, временски кореспондираат со сознајните категории во граѓанската култура (уставно уредување, историја на 20 век, политичка економија, елементи од социологија). Со оглед на фактот што станува збор за основно и задолжително образование, содржините од граѓанска култура можат да ја играат улогата на сознаен стимулатор за поттикнување интерес за апстрактната сфера на општественото живеење. Како наставен предмет со конзистентна програма граѓанската култура сега е ставена во несоодветен дидактички табор кој

може да се одрази врз нејзината ефикасност, особено ако се има предвид и тоа што засега овој предмет нема солидна сознајна подлога во останатите наставни предмети. Едно од можните излезни решенија за тоа може да биде продолжување на статусот на граѓанското образование/култура како наставно подрачје (и во седмо и во осмо одделение) чија реализација би била во рамките на одделенскиот час.

## Заклучни согледувања

Иницијативата и практицирањето на граѓанското образование/култура во основното и средното образование во Република Македонија претставува сериозен системски зафат кој заради своето значење и карактер заслужува поддршка за понатамошна имплементација и усовршување. Досегашната примена на овој зафат со право ја заинтересира севкупната стручна јавност, бидејќи според својата суштина води кон редефинирање на филозофските основи на воспитанието и образованието чии текови сè повеќе се движат во правец на современите европски модели на образование.

Може да се каже дека воведувањето на граѓанското образование кај нас претставува најсериозен обид за културна и цивилизациска кореспонденција на нашиот воспитно-образовен систем со светот и еден од механизмите за негово интегрирање во европските и светските современи тенденции. Искуствата на тој план упатуваат на сознание дека во процесот на засега пилотското имплементирање на овој сегмент нашиот воспитно-образовен систем покажа значајна флексибилност и податливост на веќе постоечките концепти кои без поголеми тешкотии го прифатија граѓанското образование како природен процес на осовременување.

Овој момент го истакнуваме меѓу другото и заради фактот што граѓанското образование/култура не смее да има третман на обична програмска интервенција. Неговото функционирање во системот треба да се базира на осмислен и методолошки разработен концепт којшто безболно тежнее кон реализација на своите цели.

Во светот, односно во развиените образовни системи, содржините на овој концепт се развиваат и реализираат во рамките на програмското подрачје општествени науки каде децата од најрана училишна возраст се запознаваат со формите на општественото живеење и дејствување. Во Франција, на пример, „Education civique" претставува програмска основа за изучување историја, социологија и други општествени науки, бидејќи започнува да се изучува уште од шестата година. Овој засега најуспешен европски модел се покажа, меѓу другото, особено ефикасен, зашто успеа да се афирмира како солидна сознајна основа и дидактичка претпоставка за реализација на воспитните цели на наставата (патриотизам, лојалност, заедништво и сл.).

Сите компоненти на имплементација на граѓанското образование/култура

во нашиот воспитно-образовен систем создаваат еден единствен комплекс кој треба и мора да се консолидира врз конзистентен систем од вредности чии димензии засега имаат одредени неусовршености:

- Концептуализацијата на наставните програми по граѓанско образование/култура содржи одредени недоследности кои се однесуваат на постоење неединствени критериуми во нивната структура. Свежината на содржините треба да биде поткрепена со издржан дидактичко-методички концепт во кој би се препознавале современите пристапи на работа;
- Различната структура на наставните програми по граѓанско образование во основното треба да се надминат со прифаќање на единсвтен модел на градење концепт кој за учениците (и наставниците) ќе биде подеднакво привлечен, различен во однос на програмите на останатите наставни предмети. Во тие рамки особено треба да се обрне внимание на програмите за основното образование во кои би можел да доминира модуларниот пристап на конципирање;
- Воочлива е неконзистентност меѓу наставните програми и концепциските решенија на учебниците по граѓанско образование/култура. Секаков вид компарација меѓу овие две компоненти укажува на методичко-дидактичка неусогласеност која се должи на недоволното следење на учебниците на духот во програмите. И покрај модерниот дизајн на учебниците, присутната дидактичка апаратура упатува на класични модели на работа во кои доминираат репродуктивните приоди на учење;
- Неопходно е сериозно преиспитување на решенијата присутни во реализацијата на програмата по граѓанско образование за одделенска настава, особено за почетните две одделенија. Иницијалните поимни концепти кои се развиваат во правец на четврто одделение многу тешко можат да ги втемелат знаењата кои треба да се стекнат во предметната настава на основното образование. Нивната апстрактност и сложеност може да биде причина за сериозни пропусти во знаењата и разбирањата на децата кои веќе во петтото одделение треба да усвојат систем од знаења и вештини коишто вештачки се надоврзуваат на четирите поимни концепти.

Надир Реџепи

# Мрежи, искуства во Македонија

## Погледи на НВО кон вмрежувањето

Натпреварот на економски и културен развоен план се одвива во целиот свет. Секој народ се стреми да го направи најдоброто за својот општествен развој затоа што нацијата којашто е подобро развиена има повеќе предности и избори во својата иднина. Развојот е процес поврзан со вложениот труд и средствата во одреден временски период, за кој стануваме сè посвесни под влијанието од многуте информации кои пристигнуваат до нас од сите страни. Сето тоа ги забрзува нашите активности во секојдневниот живот, со мотив да се достигне пропуштеното, односно се биде во тек со другите. Тоа значи дека живееме во време на бурни промени, промени кои влијаат на нашиот начин на живеење, на нашите вредности и воспоставување нови односи. Општествено-политичките промени во Македонија во почетокот на 90-тите беа генератор за неминовните измени во начинот на организирање на граѓаните во земјата. Во времето кога двата столба – политиката и бизнис-секторот, преживуваа целосна преобразба, секторот на НВО полека почна да се најавува како нешто ново и предизвикувачко; движење кое полека срамежливо започна да си ја зазема позицијата на трет фактор во државата. Во 12-те години на транзиција секторот имаше додатни инјекции од кризите во Босна, во Косово и во Македонија, кои го забрзаа и го зголемија интересот за овој вид организирање кај нас и го свртеа вниманието на многу меѓународни институции и донаторски агенции. Тие, пак, со своето доаѓање, освен донации, донесоа искуство и повисоки стандарди на организирање, кон кои моравме да се прилагодуваме за релативно кратко време. Меѓу многуте, еден од нив е процесот на вмрежување или кај нас кажано координирање на активностите меѓу повеќе организации. Започнаа првите вмрежувања, иницирани на разни начини, за да се сознае дека некои НВО се зрели во тоа, а некои се уште се обидуваат да го дефинираат процесот. По членството во неколку мрежи и сентиментот кон изгубениот елан, време и труд, пред две години побарав информации за вмрежувањето во светот, за да најдам одговори дали се разликуваме во тој процес.

## Коментарите од светот во домашната практика

НВО низ светот, испрашувани за нивното мислење зошто имаат потреба за меѓусебно вмрежување, ги дадоа следниве одговори:

1. „Вмрежувањето е добра платформа за изразување солидарност меѓу НВО. Помага при размена на искуства и експертизи, да се работи на заеднички акциски програми за да се креира влијание врз политиката на владата."

За ваков вид вмрежување треба да се стремат сите НВО во земјата. Иако ни треба уште работа и време за да имаме ваков квалитет во мрежите, поврзани со зрелоста и оддржливиот развој на организациите, неколку постоечки мрежи во Македонија покажаа одреден степен на реализирање на нивните акциски програми. Најдобар и свеж пример се женските организации и нивните мрежи во Македонската женска лоби-група, кои веќе ја реализираа нивната идеја за поголемо учество на жените во политиката и процесот на донесување одлуки. Иако станува збор за типичен пример за полова солидарност, се доаѓа до сознание дека која било форма на посветеност и упорност во вмрежувањето резултира со очигледни позитивни резултати. Што се однесува до размената на искуство и експертиза, мрежите успешно изградија свои бази на податоци, кои на сликовит начин покажуваат со кои капацитети располага мрежата, за да остане нивната внатрешна искористеност само на хартија. Трендот на поканување надворешни експерти и тренери функционира и понатаму, кој нелогички ги прави скапи домашните активности. Често се случува размената на експертиза да се претвори од привремен во траен карактер, што значително ја ослабува позицијата на организацијата од која заминува експертот.

## Мрежни приоритети и...

2. „...помага при споделувањето на развојните проблеми и ги решава истите. Исто така, им помага на групите да бидат подобро информирани."

Ова е една од многуте причини зошто организациите се вмрежуваат. Секоја организација наидува на период кога се соочува со развојни проблеми. Во периодите на отсуство на планирани активности за развој на домашните организации, т.н. јакнење на капацитетите, организациите се принудени да се снаоѓаат сами. Организациите немаат можност да бараат адекватни обуки за нивното членство од фондациите, постоечката литература е многу малку достапна (главно на англиски јазик), а домашните интернет-страници скоро и да немаат едукативни материјали за менаџментот на НВО. Можноста преку членување во мрежа овозможува шанса за решавање дел од раз-

војните проблеми, којашто во нашата практика е релативно искористена, но гледано од стратешки аспекти на самите организации, мрежите многу малку посветуваат внимание кон правилниот развој на домашните НВО. Мрежите главно си имаат краткотрајни мисии, кои пак под притисок на времето мора да се реализираат, додека развојот на членките останува во втор план. Напредок во смисла на јакнење на капацитетите на организациите има, но тие се сè уште во категоријата на ,,тивки промени'', кои многу од домашните организации не се во можност да ги измерат или да ги препознаат. Искуствата покажаа дека мрежите формално имаат ваква цел, но праксата е поинаква, дека таа цел се вметнува само како мотив за привлекување НВО во членството на одредена мрежа. Горенаведените ситуации имаат свое про ет контра зошто тоа се случува, но генерално тоа се должи поради неколку причини:

- се вмрежуваат организации со различити мисии и степен на развој, што е неизбежен процес;
- членките во мрежите имаат отпор кон одредување стриктни правила и механизми за работа, односно се стремат за имање полна слобода за избор на приоритетите меѓу сопствената и мрежната агенда;
- сите мрежи имаат одредена мисија, но скоро и да немаат визија што ќ е се прави по остварување на истата. Тука е логично да се праша дали на мрежите им е потребна визија, односно дали самите мрежи треба однапред да си го дефинираат векот на живеење, можната трансформација итн.;
- постигнатиот развој на мрежата и членките единечно не се искористува, односно канализира за натамошно пренесување и надградување на капацитетите;
- преовладува мислењето дека развојот може да се оствари само преку имплементација на проекти, односно искористување на средствата на мрежата. Тоа е погрешен пристап за мрежно делување затоа што членките ги доведува до конфликт на интереси и натпревар за грантови, што сигурно предизвикува внатрешни поделби и фракции. Во вакви ситуации, одредени членки се многу активни во мрежните активности, додека незадоволните се претвораат во реактивен дел на мрежата и се обидуваат да ги ,,заведат'' пасивните членки за да им се придружат за нови промени во мрежата.

Информирањето преку мрежите е еден од најкорисните процеси. Тоа е нормален процес, знаејќи дека многу организации комуницираат преку центарот на мрежата. Овој начин на комуницирање ја зголемува транспарентноста на членките и мрежата, ги подобрува комуникациските способности и довербата. Колку оваа размена на информации е искористена во праксата, тоа е друго прашање. Организациите не ретко имаат проблеми со изобилието информации

кои го надминуваат нивниот капацитет, така што се наоѓаат во позиција да селектираат адекватни или „поважни" информации во своја корист. Тука веќе се запоставува мрежниот интерес, односно нашата пракса покажува дека не е можно во исто време да се застапуваат двата интереси со еднаков интензитет.

## ...реални потреби

3. „...важно за колективна акција кон социјална правда и заеднички потреби."

Мрежите во Македонија засега не покажаа поголеми реултати во смисла на поголема гласност и влијание врз јавноста, како што го направија тоа колегите во Хрватска и во Србија. Кампањата „Доста е" која на моменти личеше на мрежа, покажа слични резултати, но со далеку помал одѕив и влијание меѓу граѓаните. Што се однесува до евентуалното придружување на мрежите кон митинзите на одредена група граѓани, може слободно да се каже дека тоа е ретка појава. НВО и нивните мрежи се преокупирани со своите агенди и обврски, така што не се во можност да ги следат дневнополитичките збиднувања, во смисла на брза реакција и поддршка на одредена граѓанска структура. Политиката и вршењето притисок врз политичарите е сè уште табу-тема, каде што домашните организации не се осмелуваат јавно да настапат, иако нивната гласност преку мрежите има поголем кредибилитет и помал ризик за „обележување" на организацијата како нечија продолжена рака. При формирањето на мрежите сè се сведува само на заедничките потреби на членките на мрежата и донаторската агенција, кои не секогаш се јасно дефинирани, ниту пак тие можат да ги задоволат сите во мрежата. Со таквата стартна позиција, мрежите веќе на почетокот на своето постоење најавуваат површност и стихијност во работењето, од членките бара голема трпеливост и спремност за компромис. Недефинираноста на заедничките потреби/интереси води кон еден вид манипулативно лидерство меѓу организациите, каде што поискусните бараат алиби и поддршка од т.н. помлади НВО со цел да се форсира или фаворизира одредена група во стекнувањето корист од вмрежувањето. Не се ретки ни битките за превласт, кои се само привидни и не носат ништо конкретно, доколку се има во посед.

## Нашите дилеми и навики

4. „...вмрежувањето е добро и потребно да се размислува на слични начини. Тоа ни дава поддршка еден на друг."

Не секогаш мислењето на слични начини носи добро во односите на мрежите. Нашите искуства во мрежните активности покажуваат приближување на

различитите ставови и сознание за потреба од заеднички акции. Во некоја мрежа патот за приближување на различитите мисleња е макотрпен, додека во друга е многу ефикасен. Тоа се случува кога членките се познаваат подолго време и главно имаат одреден степен на доверба и веќе изградени добри односи. Во тој контекст останува отворена дилемата дали мрежите треба да вмрежуваат организации кои веќе имаат изградено партнерски односи, или пак треба да се вклучуваат НВО коишто воопшто немале претходни контакти. Во секој случај, поддршката добиена преку мрежното делување е многу значајна и носи промени кај организациите во нивната култура на однесување. Еднаш добиената поддршка во мрежата носи обврска за повнимателно однесување и облигација за да се возврати таа кон мрежните партнери. Некогаш возвраќањето поддршка се дава од објективни причини, но се случува таа да се даде само за да се врати „долгот" кон партнерот. Во случаи кога очекуваната поддршка не се возвраќа, доаѓа до конфликтни ситуации и превирања во мрежните активности, дури во ситуации кога реалноста не дава можност за возвратна поддршка. Тоа се случува често, во ситуации кога донаторите инсистираат на проекти имплементирани од повеќе партнерски организации, каде што секој „партнер" добива улога за алиби и градител на кредибилитет на проектот.

## Зрело организирање или развиено чувство за вмрежување?

5. „...тоа е позитивна структура која промовира смирена трка меѓу организациите."

Оваа изјава ми се допаѓа многу, затоа што во неа има многу вистина за нашите мрежни активности. Мора да признаеме дека преку мрежните активности запознавме и се дружевме со многу организации во земјата, научивме нови вештини, но пред сè, најважно е дека престанавме еден на друг да гледаме како на конкуренти. Сознавајќи ги меѓусебните квалитети и слабости, мрежните партнери се чувствуваат порелаксирано во сознанието дека никој не е совршен, дека процесот на градење на организациските капацитети трае долго. Дијалогот преку мрежите ни даде на знаење дека сите мораме да учиме еден од друг, да се стремиме да одржиме континуитет во процесот на учење и да бидеме секогаш спремни да даваме поддршка во процесот на учење на другите. Во зависност од периодот на „смиреност на трката", интензитетот на возбудата за мрежно делување расте или се намалува. Во една мрежа трката се претвора во лов на грантови, во друга доаѓа до стагнација поради премногу амбициозно зацртаните цели, додека во трета членките на мрежата се трудат да изградат рејтинг на квалитетни играчи. Тоа е многу реална ситуација и секогаш ќе има повторување на

вакви состојби. Она што денес важи за квалитетна организација, веќе утре може да не биде, поради брзите промени во и надвор од средината на организациите. Промените, предизвикани од заминувањето на експерти од организацијата или донатори од регионот, тешко се преживуваат и се многу опасни за опстанокот на денешните организации. Во тој поглед, домашните организации се премногу зависни од работата на неколку клучни луѓе (еден или двајца), а финансиски за главен столб имаат една донаторска агенција. Оттука произлегуваат привремените „пребегнувања" на организациите во мрежи, за да ги тестираат своите и донаторските интереси во релаксирана атмосфера, преку одредени вкрстени структуирања на повеќестрани цели. Искуствата покажаа дека организациите брзо се враќаат кон матичните „донатори" и со нов елан ја продолжуваат веќе докажаната соработка и остварување на заедничките интереси.

## НВО во тренд значи НВО во мрежа!?

6. „...даден во критички контекст во која нашата земја се наоѓа и начинот на кој волонтерскиот сектор се нурна себеси во безводниот океан, има потреба за итно вмрежување од искрена природа."

Во последните 2 години трендот на вмрежување се зголеми, како резултат на степенот на зрелоста на секторот. Мрежите почнаа да се градат внимателно, со специфични методи и критериуми, со респект... и со недостаток на иницијативи за формирање мрежи оддолу нагоре. Мрежите главно се иницирани од страна на донатор кој обезбедува финансиска поддршка и одредена мисија на мрежата, додека на членките им преостанува изборот некако да се вклопат во мрежната агенда. Целиот процес изгледа неприроден поради фактот што потребата за мрежно делување не е иницирана или идентификувана од домашните организации, а од друга страна собирањето околу одреден фонд за да се потроши во одредено време многу потсетува на еден вид автоматизам на мрежата како потрошувач. Формирање мрежа, само со желба и без никаква финансиска основа, е исто така нешто неприродно, затоа што само со сакање не се постигнува конкретно ништо. Единствено што преостанува да се направи е да се најде баланс помеѓу овие екстремни состојби за да се задржат ОНОВНИТЕ елементи за функционалност на мрежата. Од година во година мрежите стануваат сѐ поквалитетни, структуирани на специфичен начин, и тоа дава надеж за скоро вмрежување од искрена природа. Во време кога обврските на организациите брзо се зголемуваат, а организацискиот развој не е во можност да го следи тоа, мрежите се алтернатива за успешно решавање на таквите состојби. Свесноста за вмрежување од искрена природа е сѐ поголема, поради минатото искуство на краткотрајни мрежи, потрошено време и труд, кое нѐ поучило да не ги повторуваме истите

грешки. Заклучуваме дека заедно можеме и мораме да постигнеме повеќе, но реално земено, за сè е потребно време. Искрената природа на мрежите ќе се постигне со максимална транспарентност, јасно дефинирана цел, безрезервна поддршка во и надвор од мрежата и, нормално, со адекватни амбиции поврзани со капацитетите на мрежата.

## Детерминизмот не влијае на мрежната компактност

7. „... работење заедно врз заеднички потреби.''

Мрежите во Македонија досега главно ја имаа оваа карактеристика, инаку секое членување во мрежа без споделување на потребите би било бесмислено. Во даден момент организациите имаат потреба да се здружуваат за остварување одредени потреби. Сè додека се имаат повеќе заеднички потреби во една мрежа, нејзиниот живот и успехот имаат повеќе шанси за нагорен пат. Затоа е многу значајно уште на почеток да се изнајдат заедничките потреби кои ќе ги поврзуваат организациите. Дали тоа ќе биде бројот на обуки, проекти, годишни извештаи или истражувања, не е важно, важно е членките да имаат јасна претстава за тоа што ги очекува. Имавме мрежи во кои се ветуваше многу, за да увидиме дека по нивниот престанок на постоење не е остварено многу од ветеното и го имаме чувството на изманипулираност. Секоја мрежа има двосмерни можности, да биде екстремно централизирана до крајно либерализирана (дезорганизирана); тука веќе станува личен избор на членството кој модел би го преферирале. Во првиот случај станува збор за мрежи каде што одредена структура максимално ги контролира сите дејствија и не овозможува радикални промени во раководењето на важните процеси и функции, додека во вториот случај се работи за мрежи каде што меѓусебната недоверба е висока. Во двата случаја се воведуваат механизми и правила кои го намалуваат успехот на мрежата, успоруваат конкретни активности, предизвикуваат внтрешни струења и поделби, за на крајот да престанат да постојат. Правилото на „златна средина'' важи при дефинирањето на правилата на игра, кога би се имале предвид двете екстремни можни движења на мрежите. Што се случува во моментите кога во една мрежа нема заеднички потреби или нивната важност е намалена? Тоа значи дека има опасност од неминовен крах на мрежата, затоа што организациите природно се мотивирани да ги штитат сопствените интереси и приоритети, така што е нормално нивниот фокус по одредено време да биде свртен во друг правец. Тоа е првиот мотив, а вториот е дека во матичните организации луѓето имаат потполна слобода на избор, без контрола од мрежниот центар. Идните мрежи треба да размислуваат за динамиката на заеднички потреби и во тој правец да овозможуваат периодични анализи за внатрешните потреби и промени во развојот на членството.

## Поливалентноста како квалитет

8. „... може да оствари промена во владината политика во корист на малцинските групи.“

Можностите една мрежа да има повеќе шанси за успех отколку една организација сама да вложува напори во правец на промена на владината политика се наведени во погорните редови на текстот. Во овој дел, изјавата наметнува друг контекст на размислување. Секторот на НВО во Македонија се соочува со низа проблеми во областа на застапување на интересите на малцинските групи. Почнувајќи од правната регулатива, етнополитичката пристрасност на населението и економската (не)зависност, сите имаат влијание врз формите на притисок кои ги презема секторот кон политичарите. Кај нас тоа е уште потешко кога станува збор за малцинските групи, поради генералното препознавање на овој поим со етничката припадност. Етничката припадност преовладува во сите сегменти на јавниот живот, така што и третиот сектор нема имунитет кон ваквиот тренд. Мрежите овозможија да се здружат организации различни по етничка припадност, за да се развие чувството за мултикултурализам меѓу нашите целни групи. Во тоа успевавме, нашите корисници учествуваа во заеднички активности, трибини и концерти, за потоа да се запрашаме дали навистина тоа е тоа што им треба на нашите целни групи. Ефектите од ваквите проекти се тешки за мерење поради натамошната поделба на граѓанството по етничка основа, што наведува на помислата дека има лоша или површна имплементација. Секторот треба да размисли што да прави понатаму на овој план; дали да продолжиме со меѓусебното запознавање и комуникација или да вложиме напори во економските активности, што мислам дека наједноставно и природно ќе делуваат врз малцинските односи со мнозинството. Иако мрежите и секторот подолго време работаат врз подобрување на меѓуетничките односи, се има впечаток дека нема крупни промени и резултати. За лаиците надвор од секторот тоа значи дека некој не си ја работи работата, но секој којшто е повеќе информиран за состојбите и околностите под кои третиот сектор делува, ќе ја пофали храброста и упорноста на луѓето кои работат на толку актуелна и жешка тема. Свесни за влијанието и експанзијата на политиката во сите пори на секојдневниот живот, во мала држава каде секој секого познава, со висок степен на корумпираност, секој напор во смисла на подобрување на положбата на малцинствата е за респект. Предизвикот на мрежите станува поголем, кога внатре во самата мрежа има членки кои се трудат да ги застапуваат интересите на своите целни групи, без намера да ги намалат можностите на другите. Мрежите имаат проблеми со структуирањето на правилата на игра, одбегнувајќи да користат бројки, проценти на застапеност, туку да изразат стремеж за еднакво користење на мрежните ресурси и бенефиции. Сепак, покрај сите добри намери во тие напори, се

случува одредени организации без докажан квалитет и труд да имаат корист со самото придружување во мрежата, а останатото членство да го прифати тоа најнормално и да се солидаризира со нив. Овој процес е многу важен за градењето доверба и јакнењето на капацитетите на организациите, што на подолг период навистина ги подобрува односите помеѓу малцинствата.

## И по многу неуспеси, мрежите се атрактивни

9. „...важно за развивање активности кои влијаат врз усвојувањето технологии, имплементација на развојни активности и оние кои инволвираат процедурални импликации.“

Секторот на НВО покажа добри резултати во правовременото усвојување на технологијата во своето работење. Во време на глобализација и доминацијана интернетот, секторот отскокнува со капацитетите во информатичката, комуникациската и мулитмедијалната опременост. Мрежите придонесоа многу во тој поглед, преку создавањето навика за користење најнова технологија во секојдневната комуникација. Додека институциите и бизнис-секторот сè уште работат со стара технологија, реткост е да се сретне НВО која нема персонален компјутер, печатач, конекција на интернет, а која постои повеќ е од 2 до 3 години.
Важен дел во вмрежувањата се развојните активности, базирани врз усвоени процедури и критериуми за работа. Во зависност од дадената можност на членките да учествуваат во процесот на донесување правила и процедури, мрежата ќе има соодветен квалитет. Тоа зависи пред сè од квалитетот на членките кои учествуваат во процесот на усвојување одлуки, нивната екпертиза и искуство во менаџментот и раководењето со процедурални импликации. Нашите најсвежи искуства во една мрежа покажаа дека иако учествувавме во процесот на усвојување процедури, не значеше дека ја завршивме работата идеално, т.е. еднаш засекогаш. Односите во една мрежа се многу динамични, секогаш под влијание на надворешните случувања и различните интереси во самата мрежа. Секоја членка си има одреден период во кој очекува да си ги оствари интересите, додека факторите однадвор влијаат во спротивен правец од интересот на една членка или мрежа, донесувајќи на дневен ред други приоритети. Свесни за тоа, членките во оваа мрежа ги анализираа усвоените процедури за работа, предложија и усвоија нови, за да се покаже по една година дека пак има потреба за промени. Веќе се прават напори овој пат тоа биде на потранспарентен начин, да се инволвираат поголем број луѓе, вертикално и хоризонтално, со цел да се најде одговор дали има мотив кај членството за промени. Додека има мотив помеѓу членството, може да се работи на креирање и усвојување нови процедури, но во моментот кога ќе го нема, не вреди сета работа, макар и да се усвојат најидеалните процедури и правила.

# Белешки за авторите

Јован Ананиев е роден во 1978 година. Дипломира на Правниот факултет, политички студии, во 2000 година каде е прогласен за првенец на генерацијата, а во моментов е на магистерски студии по политички науки на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања. Работи како научен истражувач во Центарот за бегалци и присилни миграции при Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања. Автор е на повеќе научни статии од областа на човековите права, етничките односи и евроинтеграцијата. Има работено на повеќе научно-истражувачки проекти од областа на политичките науки.

Ружица Фотиновска, родена 1971 г., дипломиран проф. по македонска книжевност со македонски јазик, новинар во дневниот весник „Вест".

Елеонора Стојкова е магистер по социлошки науки.
Има објавено повеќе публикации, статииислично:
Да се биде ин - текст објавен во Нова Македонија, 29 јануари, 1999 г.; Диктатот на естетски неписмените луѓе - Дневник, 31 јули, 1999 година; Турбо или инстант култура - Утрински весник, 19 август, 1999 година; Кичот како релеванта вредност - Дневник, 13 ноември, 1999 година; Политички кич - Дневник, 11 мај, 2002 година; Научни трудови објавени во Македонското радио на третата програма (научна програма): Кичот како фактор за изградба на културниот вкус кај средношколската младина, објавен на 6 јануари, 2000 година; Интернетот и младите луѓе (студентите и средношколците) во Република Македонија, јуни, 2001 година; Американизација, македонизација и глобализација во Република Македонија, труд објавен на 19 септември, 2002 година.

Снежана Адамческа е родена во 1959 год., во Делчево, каде завршила основно и средно образование. Дипломира на Филозофскиот факултет Скопје, Институт за педагогија, во 1973 година, а потоа завршува и постдипломски магистерски студии. Во 1977 година се вработува како помлад асистент на Институтот за педагогија, а во 1988 година се стекнува со наставно-научното звање доктор по педагошки науки. Денес е редовен професор на Институтот за педагогија и автор на околу 200 статии, неколку книги, како и експериментални прирачници за деца од раноучилишна возраст. Нејзина професионална преокупација се проблемите на процесно-изведбените аспекти на наставата. Раководела со повеќе проекти од оваа област и е локален експерт на повеќе меѓународни организации и институции.

Надир Реџепи
Роден сум на 11.06.1963 г. во Тетово, каде што завршив основно и средно образование. Бев еден од последната генерација којашто заврши класична гимназија во училиштето „Кирил Пејчиновиќ". Хобито за музика по средношколските денови ми прејде во секојдневна работа и професија со која заработував за моето семејство до 1988 кога за првпат влегов во водите на секторот НВО. Досега имам напишано повеќе текстови за нашето искуство во секторот. Член сум на ХЗРМ Сонце од 1999 на работната позиција координатор.